**Известување за концентрација со која Перутнина Птуј д.о.о. Словенија и БАЛФИН – Балкан Фајнанс Инвестмент Груп сх.п.к. Албанија формираат целосно функционално заедничко вложување**

**(предмет бр. 08-42/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 06.02.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Перутнина Птуј д.о.о. Словенија, со регистрирано седиште на ул. Потрчева цеста 10, СИ-2250 Птуј, Словенија и БАЛФИН – Балкан Фајнанс Инвестмент Груп сх.п.к. со регистрирано седиште на Општинска единица бр.2, улица Папа Гјон Пали II, зграда бр. 12, кат 11 канцеларија бр.1100, поштенски код 1010, Тирана, Албанија Албанија формираат целосно функционално заедничко вложување, кое ќе стекне целосна контрола над Дриза, Фреш чикен Албанија 2019 сх.п.к., и Индустриа Фораѓере (ВЕАФ) СХ.А., како и 50% од основните средства на А&И фарм 2018 сх.п.к. и основните средства на ЕУРО АЛБ 2009 сх.п.к.

Перутнина Птуј д.о.о. Словенија е друштво основано според законите на Република Словенија, е активно на пазарот на продажба на месо од живина и месни производи. Перутнина Птуј е активно во С. Македонија преку друштвото ПЕРУТНИНА ПТУЈ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6571212, регистрирана на ул. Перо Наков 108/а, Скопје со приоритетна дејност Трговија на големо со месо и производи од месо.

БАЛФИН – Балкан Фајнанс Инвестмент Груп Сх.п.к. е друштво основано според законите на Република Албанија, е активно на пазарот на трговија на големо и мало, недвижности, туризам, медиа, едукација, менаџмент на средства, банкарство, логистика и енергетика. Во С. Македонија, Балфин Групацијата е активна во продажба на мало, недвижнини и менаџмент на средства преку своите зависни друштва: 1) НЕПТУН МАКЕДОНИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, со ЕМБС 5268907 и регистрирано седиште на ул. Беласица бр.2 ТЦ ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, Скопје; и 2) СКОПЈЕ ЕАСТ ГАТЕ СЕГ ДОО увоз-извоз Скопје, со ЕМБС 7195478, и регистрирано седиште на ул. Беласица бр.2, Скопје.

Дриза сх.п.к. е друштво основано според законите на Република Албанија, со рег. бр. J63112665S, со регистрирано седиште на Фиер Фиер ВЕРБАС село Вербас, 500 м од национален пат Фиер – Берат, Тхерторе зграда 1 - кат, влез бр.1, катастарска зона 2890, имот 36/7, Албанија. Дриза е активно на пазарот на собирање, обработка, пакување и замрзнување во фрижидери агрикултурни производи. ДРИЗА СХ.П.К. не е активно во С. Македонија.

Фреш чикен Албанија 2019 СХ.П.К. е друштво основано според законите на Република Албанија, со рег. бр. L92517401S, со регистрирано седиште на Фиер Патос ПАТОС село Вербас, 500 м од национален пат Фиер – Берат, Тхерторе зграда 1-кат, влез бр.1, Катастарска зона 2890, Имот 36/7, Албанија. Фреш чикен Албанија 2019 СХ.П.К. е активно на пазарот на колење на живина, за сопствени и цели на трети лица. Фреш чикен Албанија 2019 СХ.П.К. не е активно во С. Македонија.

Индустриа Фораѓере (ВЕАФ) Сх.А. е друштво основано според законите на Република Албанија, со рег. бр. Ј63423499І, со регистрирано седиште на Фиер ЖАРЕЗ ВЕРБАС село Вербас, Национален пат Фиер-Берат зграда 1 кат, влез бр.1, катастарска зона 2890, имот 29/6, Албанија. Активно е на пазарот на изградба на фабрики за сточна храна, производство и маркетинг (трговија на големо и мало) со сточна храна, концентрати, витамини и сл. Индустриа Фораѓере (ВЕАФ) СХ.А. не е активно во С. Македонија.

А&И фарм 2018 Сх.п.к. е друштво основано според законите на Република Албанија, со рег.бр. L83602401O, со регистрирано седиште на Фиер Фиер ФИЕР Мбростар Ура, капаноне 1-кат, Имот бр. 66/6, Катастарска зона 2636, Албанија. Активно е на пазарот на раст, одгледување и производство на живина, животни како и нивни нуспроизводи, како на домашно така и на меѓународно ниво. Дополнително, учествува во трговијата за увоз и извоз на производи и земјоделски производи. А&И фарм 2018 СХ.П.К. не е активно во С. Македонија.

ЕУРО АЛБ 2009 Сх.п.к. е друштво основано според законите на Република Албанија, со рег. бр. K93328404A, со регистрирано седиште на Фиер Дерманас РАДОСТИНЕ Село Радостине, Зграда (50 м на исток од селската чешма), Албанија. Активно е на пазарот на операции на собирање, преработка, пакување и складирање во фрижидер на земјоделски и сточарски производи. Дополнително, се занимава со раст, одгледување и производство на живина, како и дистрибуција на големо и мало на живинарски производи и нивните нуспроизводи. ЕУРО АЛБ 2009 сх.п.к. не е активно во С. Македонија.

Предложената трансакција се однесува на наведените пазари:

- Пазар за снабдување со свежо живинарско месо,
- Пазар за снабдување со обработено живинарско месо;
- Пазар за одгледување на живина за колење;
- Производство на прехрана;
- Одгледување на живина.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

08.02.2024 година
Скопје